# Измена на протоколот за оздравување
# на заболени со КОВИД-19 на домашно лекување

Согласно епидемиолошката состојба со КОВИД-19 во државата, а следејќи ги меѓународните пракси и протоколи, Ве известуваме дека во државата се врши промена на алгоритамот по кој еден пациент ќе се смета за оздравен од КОВИД-19. Алгоритамот на оздравување не опфаќа хоспитализирани пациенти.

## I. УПАТСТВО ЗА ЕПИДЕМИОЛОШКИ СЛУЖБИ

За разлика од досегашниот алгоритам, каде со истек од 14 дена беше потребно да се добијат 2 негативни последователни тестови во 24-48 часа, согласно светските истражувања, сега за оздравен пациент ќе се смета со истек на време и тоа:

i. **Доколку еден пациент е асимптоматски во период од 10 дена - истиот ќе се смета за оздравен 11тиот ден.**
ii. **Доколку еден пациент имал симптоми во текот на болеста - истиот ќе се смета за оздравен по истекот на минимум 20 дена, односно 21 ден само во случај ако последните 3 последователни дена немал симптоми.**

Процесот на оздравување сега е во целост поврзан со Дневните извештаи кои ги пополнуваат матичните лекари за своите позитивни пациенти и Регистарот за позитивни КОВИД19 пациенти.

**Алгоритам за оздравување**

За прв ден на заболување се зема првиот од идна низа позитивни резултати за еден пациент по датум на земање на брис.

Во Националниот систем за електронски евиденции во здравството – Мој Термин сега се проверува дали за секој нареден ден има пополнат дневен извештај од матичен лекар или негова замена.

1. доколку во 10 последноватeлни дена има дневни извештаи и истите се одговорени со не/нема и тоа:

- Истоштеност, болки во зглобови и/или мијалгија? НЕ
- Колку изнесува највисоката измерена телесната температура? <37.5
- Кашлица НЕМА
- Искашлок НЕ
- Отежнато дишење НЕ
- Дијареа НЕ

тогаш добива статус - Предлог за оздравен

Пример:

Доколку датумот на земање на брис (кој по извршена PCR анализа излегува позитивен) е 01.09.2020 се проверуваат дневните извештаи од 01 - 10.09.2020 и доколку сите прашања во сите дневни извештаи се НЕ/НЕМА/<37.5 на 11.09 добива статус Предлог оздравен

2. доколку во 10 последнователни дена има барем еден извештај во било кој од истите, односно на било кое прашање е одговорено со ДА/ИМА и тоа:

- Истоштеност, болки во зглобови и/или мијалгија? ДА
- Колку изнесува највисоката измерена телесната температура? >37.5
- Кашлица ДА
- Искашлок ДА
- Отежнато дишење ДА
- Дијареа ДА

тогаш добива статус - Предлог за оздравен со истекот на минумум 20 дена (односно 21 ден) само во случај ако последните 3 дена се асимптоматски. Доколку по истекот на 20 дена пациентот нема три последователни асимптоматски дена, предлогот за оздравен ќе биде после три последователни асимптоматски дена.

Пример. .

Доколку датумот на земање на брис (кој по извршена PCR анализа излегува позитивен) е 01.09.2020 се проверуваат дневните извештаи од 01 - 10.09.2020 и доколку едно минумум прашање во еден дневен извештај е одговорено со ДА/ИМА/>37.5 тој на 21.01 добива статус Предлог оздравен со дополнителен услов ако 18, 19 и 20 ти немал симптоми. Доколку на 18, 19 и 20 ден имал симптоми, статус оздравен пациентот ќе добие наредниот ден откако 3 дена последователно ќе биде без симптоми.

**Се додека пациентот не добие статус „Предлог оздравен“ има статус „Болест во тек“**

Приказот на пациенти со статуси во Националниот систем за електронски евиденции во здравството – Мој Термин е овозможен на лекар со специјалност „епидемиологија“ по центрите за јавно здравје и тоа:

- Поединечно секое ЦЈЗ да ги гледа само пациентите на кои матичниот лекар на пациентот се наоѓа на подрачје кое го покрива ЦЈЗ-то
- СИТЕ ЦЈЗ ги гледаат пациентите кои немаат избрано матичен лекар (домашни и странски)

**Пациенти кои немаат матичен лекар (домашни и странски)**

За пациентите кои немаат избрано матичен лекар пополнувањето на дневните извештаи за состојба на пациентот го прави епидемиолошка служба од надлежниот центар за јавно здравје кој ја направил епидемиолошката анкета.

## II. УПАТСТВО ЗА МАТИЧНИ ЛЕКАРИ

Задолжително пополнување секојдневно на дневна евиденција за здравствена состојба за пациенти со КОВИД-19 како и до сега.

## III. УПАТСТВО ЗА ДРЖАВЕН САНИТАРЕН И ЗДРАВСТВЕН ИНСПЕКТОРАТ

Новиот алгоритам за оздравување освен на ново дијагностицираните пациенти, се применува и на позитивните пациенти со КОВИД – 19 кои во моментот имаат активно Решение за изолација.